Прием на странки: четврток од 11:00 до 14:00 часот

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордан Станковиќ**
**именуван за подрачјето**
**на Основен граѓански суд Скопје и**
**Основен кривичен суд Скопје**
**тел: 3239-631;3216-909**
**е-маил:izvrsitel@gstankovic.com**
**Лице за контакт: Соња**

Образец бр.29

**И.бр.942/2011**

Извршителот Гордан Станковиќ од Скопје, ул.Петар Попарсов бр.36А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот НЛБ Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993191133 и ЕМБС 4664531 и седиште на ул.Мајка Тереза бр.1, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ.бр.585/07 од 05.07.2007 год. на Нотар Нада Палиќ и Шема на утврдени и оспорени побарувања Ст.бр.85/14 од 19.06.2014 год. на Основен суд Скопје 2 Скопје и Решение Ст.бр.85/14 од 21.08.2014 год. на Основен суд Скопје 2 Скопје и Решение за исправка Ст.бр.85/14 од 18.09.2014 год. на Основен суд Скопје 2 Скопје и Решение за исправка Ст.бр.85/14 од 04.11.2014 год. на Основен суд Скопје 2 Скопје, против должникот Трговско друштво за градежништво,проектирање консалтинг и услуги МАВРОВОИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003471315, ЕМБС 5735378 и седиште на ул.Фјодор Достоевски бб Скопје - Карпош или ул.Плоштад Македонија бр.2, за спроведување на извршување во вредност 24.656.279,00 денари на ден 16.07.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба** со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

**Канцелариски мебел и опрема** опишани во Извештај за проценка на подвижни предмети број 1285/2-26 од 25.06.2026 година изготвен од овластен проценител Проценителска Куќа Шумантеви ДООЕЛ Скопје кои што се наоѓаат во сопственост на должникот Трговско друштво за градежништво,проектирање консалтинг и услуги МАВРОВОИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје со вредност во износ од **37.235,00 денари**, која вредност претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Согласно член 109 став 4 од Законот за извршување, а со оглед на тоа што предмет на продажба се повеќе од 50 различни по вид предмети, спецификацијата на подвижните предмети е содржана во погоренаведената проценка и истата е достапна во канцеларијата на извршителот Гордан Станковиќ на ул.Петар Попарсов бр.36А – Скопје.

Предметите се оптоварени со следните товари: залогата што се реализара.

Продажбата ќе се одржи на ден **28.07.2026** година во **11:00** часот во просториите на Извршител Гордан Станковиќ од Скопје, ул. Петар Попарсов бр.36А, тел: 3239-631, 3216-909.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои предходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десетина) од утврдената вредност на предметот.

Гаранцијата да се уплати на сметката на извршителот со број 250-0109006485-54 што се води во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, најдоцна 1 (еден) ден пред одржување на продажбата. Уплатата на гаранцијата се докажува со увид во посебната сметка на извршителот од датум еден ден пред одржување на продажбата.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат во просториите на правното лице СОБИМ ДОО Куманово, на ул.11-ти Ноември бр.166 Куманово.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

Д.-на: должник
доверител

Правна поука: Против овој акт може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд во рок од три дена од денот на приемот на актот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.

X

Дигитално потпишан од
Извршител Гордан Станковиќ
Signed by: Gordan Stankovikj